Врз основа на член 50, став 7 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20) и член 39 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Комисија за спроведување јавна анкета и јавна презентација на Урбанистички проект со план за парцелација и промена на границите на ГП 17/1.3; ГП 17/1.65 и ГП 17/1.66 дел од блок 17/1 во Струмица.**

1. Се формира Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација на Урбанистички проект со план за парцелација и промена на границите на ГП 17/1.3; ГП 17/1.65 и ГП 17/1.66 дел од блок 17/1 во Струмица**,** во состав:

- Софија Ристова - Раководител на Одделението за урбанизам,
- Лилјана Ивановска- претставник на изготвувачот на планот,
- Александра Едровска - дипломиран архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната анкета од 22.12.2020 година до 28.12.2020 година, а јавната презентација на ден 24.12.2020 година во 11:00 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул."Ленинова" бр.34.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр.09-7235/3
16.12.2020 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски